# АНАЛИЗА НА ОСИГУРИТЕЛНИОТ ПАЗАР ВО Р. МАКЕДОНИЈА ВО ЧЕТВРИОТ КВАРТАЛ ОД 2010 ГОДИНА

На крајот на 2010 година на пазарот на осигурување во Република Македонија активно работат 13 друштва за осигурување, односно истите пазарни учесници како и во 2009 година, од кои 11 друштва вршат работи на неживотно осигурување, а 2 осигурување на живот. Кон крајот на декември 2010 дозвола за вршење работи на осигурување на живот добива новиот учесник "ВИНЕР Лајф-Виена Иншуренс Груп" Скопје. Во текот на 2010 година зголемен е бројот на осигурително брокерски друштва за 2 нови друштва ("МАКОИЛ БРОКЕР", "К МК БРОКЕР"), на вкупен број од 14 друштва, како и бројот на друштвата за застапување за 1 ново друштво ("МК ОСИГУРУВАЊЕ"), на вкупен број од 6.

Степенот на развиеност на еден осигурителен пазар мерен преку основните индикатори како што се степенот на густина и степенот на пенетрација, покажува дека и двата показатели остануваат непроменети во однос на 2009 година. Степенот на густина на крајот на 2010 година изнесува €51,27, додека степенот на пенетрација изнесува 1.52%.

Согласно податоците добиени од страна на друштвата за осигурување при редовното известување на Агенцијата за супервизија на осигурување (АСО) согласно членот 104 од Законот за супервизија на осигурување („Сл. Весник на Р. Македонија бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09 и 67/10"), во 2010 година остварена е бруто полисирана премија (во понатамошниот текст „БПП") од 6,48 милијарди денари (ЕУР 105,37 милиони) што претставува пораст од 4,83% во однос на БПП остварена во текот на 2009 година.

Позитивниот тренд е присутен кај двете групи во осигурувањето, со тоа што во делот за неживотно осигурување е остварена БПП во износ од 6,13 милијарди денари (2009: 5,9 милијарди денари), или истата изнесува 94,53% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, што претставува пораст од 4,17% во однос на истиот период од минатата година.

Во делот за осигурување на живот, што претставува 5.47% од вкупната БПП на осигурителниот сектор, е остварена БПП во износ од 354,5 милиони денари (2009: 300.81 милиони денари) што преставува пораст од 17.85%. Овој податок служи како потврда за очекуваниот понатамошен развој на оваа група на осигурување.

Реосигурителното покритие е на многу ниско ниво, со 2,47 милиони денари, односно 0,038% учество во вкупната БПП и само едно друштво за реосигурување ги нуди овие услуги на пазарот во Република Македонија.

Во рамки на одделните класи на осигурување нема забележителни отстапувања во однос на структурата на вкупната БПП, со тоа што како и досега најзначајна категорија е задолжителното осигурувањето од автоодговорност (АО) со 47,28% (2009: 45,50%), доброволното осигурувањето на патнички возила (каско) со 12,29% (2009: 13,09%), осигурување на имоти со 19,70% (2009: 19,23%) и осигурувањето од незгода со 8,45%. (2009: 9,34%). Во овие категории позначајна промена

бележи БПП од задолжителното осигурувањето од АО во износ од 3,06 милијарди денари со пораст од 8,93% (2009: 2,81 милијарди денари), како и кај имотните осигурувања во износ од 1,27 милијарди денари со пораст од 6,86% (2009: 1,18 милијарди денари).

На крајот на 2010 година, во доменот на пазарната концентрација, бројот на друштвата кои го поминуваат прагот на учество над 10% во вкупната БПП е 4, во споредба со 3 друштва од истиот период минатата година. При тоа, учеството на пазарните водачи е следното: Вардар Осигурување со 20,55% (2009: 21,29%), Сава Табак со 14,43% (2009: 16,55%), Кјуби со 12,73% (2009: 14,74%) и Еуролинк со 10.29% (2009: 9,91%).

Бројот на договори за осигурување во 2010 година е 1.100.612, што претставува пораст од 8,04% во однос на истиот период во 2009 година. Вкупниот број на договори во групата на неживотно осигурување изнесува 1.073.682 (2009: 996.028) што претставува пораст од 7,80% во однос на истиот период во 2009 година. Соодветно на трендовите на движењето на БПП, во делот на неживотното осигурување, остварени се 537.145 договори за задолжителното осигурувањето од АО што претставува пораст од 12,40% (2009: 477,902), 56.176 договори за имотните осигурувања со пораст од 7,19% (2009: 52.138) и речиси без промени кај договорите за доброволното осигурувањето на патнички возила (каско) со вкупен број од 48.671 (2009: 52.138). Во делот на осигурувањето на живот, бројот на договорите изнесува 26.930 што претставува пораст од 18,52% (2009: 22.720) во однос на истиот период во 2009 година.

Согласно *Законот за супервизија на осигурување*, друштвата треба да ја одржуваат вредноста на капиталот барем во висина на потребното ниво на маргината на солвентност. Според доставените податоци до Агенцијата вредноста на капиталот е значително над нивото на маргината на солвентност. На крајот на 2010 година, вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 4,141 милиони денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,03 милијарди денари (кај неживотното осигурување 986,1 милиони денари, а кај осигурувањето на живот 44,8 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е за 4,02 пати над нивото на маргината на солвентност.